РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УСТАВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Су.бр. 132/2024
31. I. 2024 година
Скопје

Врз основа на член 19 став 5 од Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.46/21 од 20 јануари 2021 година, Су.бр.70/2022 од 24 јануари 2022 година и Су.бр.149/2023 од 26 јануари 2023 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 31 јануари 2024 година, донесе:

# ОДЛУКА
## за унапредување

1. Во звање стручен соработник се унапредува вработениот во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија, со звање административен работник:
- Шадија Банташоска.

2. Оваа одлука ќе се објави на интернет страницата на Судот и ќе се смета за доставена до кандидатот со денот на објавата, а по конечноста на истата, секретарот на Судот ќе донесе решение за распоредување на вработениот од точка 1 од оваа одлука.

## Образложение

Врз основа на Годишниот план за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија за 2024 година Су.бр.936/23 од 24 јули 2023 година, на ден 10 јануари 2024 година, на интернет страницата на Судот беше објавен Интерен оглас бр.1/2024 за унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија од звање административен работник во звање стручен соработник (еден извршител), со краен рок за пријавување 15 јануари 2024 година, до 15:30 часот.

До крајниот рок, беше доставена една пријава од вработен со звање административен работник во Стручната служба на Судот.

Комисијата за организациони и кадровски прашања, се состана на 25 јануари 2024 година, го оцени кандидатот за унапредување согласно критериумите утврдени во член 5 од Правилникот за изменување и

дополнување на Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.70/2022 од 24 јануари 2022 година.

Врз основа на член 19 став 4 од Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија и извршеното оценување, Комисијата за организациони и кадровски прашања го предложи вработениот од точка 1 од оваа одлука за унапредување од звање административен работник во звање стручен соработник, за што е изготвен Извештај од спроведената постапка за унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија по Интерниот оглас бр.1/2024 за унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.108/24 од 25 јануари 2024 година.

Согласно предлогот на Комисијата содржан во Извештајот од спроведената постапка, Судот на ден 31 јануари 2024 година одржа седница на која одлучи како во изреката на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од нејзиното објавување на интернет страницата на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

**Претседател**
**на Уставниот суд на Република Северна Македонија,**
Добрила Кацарска